**Основно јавно обвинителство**
**Кичево**
**А бр. 04-35/5**
**22.12.2020 година**

Врз основа на чл.37 ст.1 од Законот за јавнообвинителски службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.62/15), **Основниот јавен обвинител Манка Јаневска каде не е избран секретар**, донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по пат на јавен оглас**

1. По јавниот оглас за вработување на јавнообвинителски службеник во **Основно јавно обвинителство - Кичево** и тоа за работно место – **В3 Соработник преведувач од македонски јазик на албански јазик и обратно –, Одделение за општи и помошно стручни работи,- 1 извршител**, врз основа на Предлог на кандидати за вработување се избира:

   **Урим Алиу**

2. Вработувањето на избраниот кандидат од точката 1 на оваа Одлука ќе се изврши по завршувањето на постапката и конечноста на Одлуката.

**О б р а з л о ж е н и е**

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија на 15.10.2020 година во дневните весници „Вечер", „Нова Македонија" и „Коха" објави јавен оглас бр.1/2020 за пополнување на работно место **В3 Соработник преведувач од македонски јазик на албански јазик и обратно –, Одделение за општи и помошно стручни работи - 1 извршител**, во **Основно јавно обвинителство - Кичево.**

По спроведена постапка за селекција за вработување од страна на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас, врз основа на Предлог на кандидати за вработување, **Основниот јавен обвинител јавниот обвинител каде не е избран секретар** изврши избор на кандидат како во диспозитивот на оваа Одлука.

Во рок од пет дена од конечноста на одлуката за избор, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, ќе донесе решение за вработување на јавнообвинителски службеник на неопределено време.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба, преку јавното обвинителство за чии потреби е објавен јавниот оглас, до Советот на јавнообвинителска служба во рок од осум дена од денот на приемот на писменото известување за извршениот избор.

**ОСНОВЕН ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ**
Манка Јаневска

**ДОСТАВЕНО ДО:**

- Именуваниот
- Јавно обвинителство на Република Северна Македонија;
- Одделение за за управување со човечки ресурси во ЈОРСМ;
- Архива на ОЈО Кичево